# БЛАГОЈА МАНЕВСКИ

Уметничка галерија Скопје
Art Gallery Skopje
1995

# БЛАГОЈА МАНЕВСКИ
# BLAGOJA MANEVSKI

**КАУМ 1995**
метал, хартија, стакло, 240x170x62

**KAUM 1995**
metal, paper, glass



## ЗА ОБЛИЦИТЕ И УСТРОЈСТВАТА, ПОВТОРНО

Тековната свест ја отфрла дијалектиката како толковна рамка на стварноста, со увереност дека во основата на таквиот, очигледно модерен модел на светот, се наоѓа еден неразрешлив, значи јалов идеолошки конфликт. Надоместокот за оспорената историска насоченост на модерниот човек, предложен е во постмодерните категории на мислење без историја и делување без целисходност. Врз тие начела заснован е значаен дел од современата македонска култура, вклучително и нејзиниот актуелен ликовен израз. Се разбира, творењето во духовен контекст неомеѓен од цврсти вредносни граници, не ја исклучува вредноста како исходиште на творечкиот чин. Тоа, впрочем, го потврдуваат доблестите однегувани и во амбиентот на македонската ликовна уметност од последните децении.

Кон кусата но избрана низа на дела што македонските современи ликовни уметници ја имаат приложено на општите струења во визуелната култура од крајот на овој век, се надоврзува и поновото творештво на сликарот Благоја Маневски (1957, Скопје). Десетината изложки што во оваа прилика авторот ги нуди на вниманието на јавноста, претставуваат ретка можност за соочување со изворната мотивација и техничка сосредоточеност во авторската постапка, поточно, отвораат пат за контемплација на еден еминентно истражувачки приод кон уметничките проблеми.

Идентификувајќи ги изложените дела со гласовни склопови лишени од референтност, Маневски настојува да им обезбеди на своите авторски искази соодветен, неутрален материјален и технолошки статус, којшто во денешниот речник најчесто се врзува со поимот на објект. И навистина, внесени во галерискиот простор, гигантографиите ***Вада*** 1994, скулптурата ***Чидат*** 1995, цртежите-панели ***Хрибла*** 1992-1994 или ***Биндери*** 1994, инсталацијата ***Попаноат*** 1994, како и планарните скулптури ***Каум*** 1995, ***Галот*** 1995, ***Аландан*** 1995, ***Генда*** 1995 и ***Ондан*** 1995, во својата појавност мошне се блиски до формалните јадра коишто во текот на шеесеттите и седумдесеттите години се промовирани како самосвојни објекти, објекти во амбиент, објекти во акумулација, објекти во егзистенцијален простор. Сепак, мотивот што Маневски го црпи од актуелното чувство за расцепот меѓу мислењето и делувањето, односно, за амбисот меѓу идејното и изведбеното, предаден е со проблематизирање на самата уметничка постапка, а не со разгледување на конфликтот меѓу свеста како проект и уметноста како објект. Тоа значи дека, за разлика од некогашната продукција на објекти, од времето на новиот реализам, минимал артот, новата генерација или концептуалната уметност, делата на Маневски се без намера да посредуваат социјални, политички или методолошки обрасци, погодни за индивидуална анализа или

колективна мобилизација. Со нив, уметникот го истражува подрачјето коешто е недопрено од денешната инфлација на наративни постапки, предадени со документарните средства на високата, информатичка технологија или, пак, соопштени со илустративните модели на магиските, ритуални тополошки структури.

Новото истражувачко поле на Благоја Маневски се шири врз оној замаглен и необележан простор вклештен меѓу формалните концепти и нивното преточување во материјален, оваплотен знаковен репертоар. Главниот авторски интерес, всушност, му е посветен на совладувањето на отпорот, на премавнувањето на извесна колебливост со којашто нештата и се подаваат на обликувачката свест на уметникот. Имено, Маневски повторно ја испишува драмата во којашто човекот ја стекнува својата суштина единствено преку ефектите на сопственото постоење во светот, но овој пат без типичниот цинизам на денешницата. Разрешувањето на тој трагичен судир, како што тоа редовно се случува, е довршено со возвишен пораз на намерата во битката со неподатниот материјал, несоодветната техника и недоволното умеење. Накусо, претставува зачеток на еден важен проект.

Така, изведбите на Маневски, изникнати од уживањето во неизвесните патишта на постапката, опфаќаат најширок фронт на техничко-технолошки решенија, развиени, било во пазувите на класичните ликовни дисциплини, било во доменот на индустриските медиуми. Оттука, иако нездружени во единствен и препознатлив ракопис, новите дела на уметникот поседуваат кохерентност во истражувањето на современите антитези во ликовниот јазик.

Големиот круг на калливото крајбрежие на Дебарското Езеро, прикажан на фотографиите ***Вада а*** и ***Вада б***, е производ на едноставната фасцинација со униформноста на една природна структура и поривот во неа, со едноставни средства да се впише извесен поредок од вишо рамниште. Преработените, пак, делови од отфрлен мебел што Маневски ги има вградено во сликите-скулптури ***Аландан*** и ***Генда***, потекнуваат од постоечката, формално уредена состојба, на којашто авторот ѝ додава структура од бакарни ленти и стаклени кругови. Конечно, и колажот од фрагменти на енергична цртачка гестуалност, сложени во цртежот ***Хрибла*** ја гради својата формална строгост од фините структури на шрафираната хартија. Изгледа дека авторот, исчекорувајќи од големите теми на модерната дијалектика, сепак настојува да го премавне тековниот антагонизам меѓу формата како концепт и структурата како егзистенција. Веројатно и не би можело да биде поинаку, напросто затоа што созревањето на Благоја Маневски, во секоја смисла се совпаѓа со самракот на модерното доба и мугрите на една нова култура чиишто основни контури денес само се наѕираат. Всушност, тешкото бреме на недовршените модерни проекти сеуште го чувствува на своите плеќи и не мал број уметници на неговата генерација.

Освен на контемплативното рамниште на рецепција, овие дела на Маневски сообраќаат и на евокативен план, поставувајќи сопствени, мошне сложени просторни координати, на начин на којшто тоа го прават апсолутните објекти: малите жртвеници на неолитскиот источен Медитеран, вотивните ликови на мртвиот непријател од Јужна Америка, маските од западниот брег на Африка или лепезите на Југо-источна Азија. Во овој поглед, поновите напори на Маневски за создавање на еден синтетичен простор, изгледа дека се последица на заострената противречност којашто современоста ја искусува во делокругот

на приватниот и индивидуалниот простор. Затоа, артефактите што уметникот ги излага може да се почувствуваат и како лирска евокација на детскиот простор, освоен од светот на возрасните, најнапред со назнаките за приватност, а потоа и со белезите на индивидуалност. Оттаму потечуваат бројните сеќавања за хоризонтите здогледани од куќичката на дрво, за сигурноста почувствувана под масата на којашто се собира семејството, за таинственоста на темнината во орманот за облеки, или за првото осознавање на сопствените антропометриски ограничувања под шаторот подигнат од постелнина. Во играта со приватната и личната компонента на сопствениот простор, Маневски ја менува и социјалната димензија на својот ментален и егзистенцијален контекст.

Несомнено е дека денес, како и порано, уметникот прави уметност. Меѓутоа, со таква извесност не може да се говори за она што го прави современиот историчар на уметноста за да и обезбеди смислена идеолошка рамка на денешната ликовна продукција. Пред последните дела на Благоја Маневски, критичката свест којашто е воспитана на претпоставките на модерната епоха, сигурно ќе биде принудена на ризични исчекорувања во непредвидливата иднина. Сепак, постојаноста на квалитетите, со којашто Маневски и досега ги има модулирано состојбите на македонската современа ликовна сцена, му даваат цврста подлога на верувањето дека и неговите следни јавни настапи ќе бидат пречекани со достојно внимание.

**Бојан Иванов**



## OF SHAPES AND STRUCTURES, ONCE MORE

The present consciousness rejects the dialectics as a sole interpretative framework of the reality, with confidence that in the basis of this apparently modern model of the world, an unresolved, hence barren conflict is situated. A substitute for disclaimed historic aiming of the modern man, has been proposed through the post-modern categories of thinking without history and acting without finality. Upon these principles a significant part of the Macedonian contemporary culture is grounded as well, its artistic expression inclusively. Of course, dealing within a spiritual context, unrestricted with a dominant set of values does not preclude the value itself as an outcome of the creative feat. This is utterly confirmed by the virtues that during the past few decades have been nursed in the Macedonian fine arts ambience.

Appended to that brief, yet selected line of works, that at the very end of this century Macedonian artists have enclosed to the general streams of the visual culture, stands the recent work of the painter Blagoja Manevski (1957, Skopje). Around ten exhibits submitted carefully to the public attention on this occasion by the author, do offer a rare opportunity of witnessing an original motivation and technical concentration in the artistic procedure, as well as an opportunity of contemplating an eminently research-oriented approach to the artistic problems.

Identifying the displayed works with vocal complexes deprived from any sensible reference, Manevski searches to provide to his inventive statements an appropriate neutral material and technological status which is commonly related to the notion of object in the vocabulary of today. Truly so, inserted in the gallery space, the gigantographs ***Vada*** 1994, the sculpture ***Cidat*** 1995, the panels-drawings ***Hribla*** 1992-1994 or ***Binderi*** 1994, the installation ***Popanoat*** 1994, as well as the planar sculptures ***Kaum*** 1995, ***Galot*** 1995, ***Alandan*** 1995, ***Genda*** 1995 and ***Ondan*** 1995, are rather close in their appearance to the formal cores that were promoted as autonomous objects during the 1960s and 1970s, objects in the ambience, objects in an accumulation, objects in an existential space. However, the true motive that Manevski draws from his observation of the gap between the thinking and acting or of the perceived dip between the concept and performance, is being rendered by scrutinising the artistic procedure rather than by merely treating the conflict among the consciousness-as-project and art-as-object. It implies that, unlike the earlier production of objects in the days of the New Realism, Minimal Art, New Generation or Conceptual Art, the works of Manevski do not intend to relegate social, political or methodological templates, appropriate either for an individual analysis or for a collective

mobilisation. Through his resourceful commitment, the artist is exploring the region that is still intact by the current inflation of narrative procedures, implemented by means of documentary techniques of the latest informatic technology or announced through the illustrative models of the magic, ritual topology structures.

The new research field of Manevski expands upon that hazy and uncharted land, confined between the formal concepts and their embodiment in a repertoire of signs. His main interest is actually turned towards overwhelming the resistance, or overcoming certain hesitancy with which the things offer themselves to the formative consciousness of the artist. Namely, Manevski is rewriting the drama in which a man acquires its essence only in the aftermath of his very existence in the world, only this time without the typical cynicism of today. As it is always the case with tragic clashes, the release is completed in a magnificent setback of intention against unyielding material, inadequate technique, and deficient adeptness. In brief, this conforms the onset of an important project.

Thereafter, the exertions of Manevski, risen from his sheer delight in roaming uncertain paths of the procedure, do embrace widest front of technical-technological solutions, developed, either within the boundaries of the traditional fine arts disciplines or in the domain of the industrial media. Hence, although not encompassed in a single and discernible personal signature, the latest works of the artist do reveal congruity in researching the contemporary antithesis of the fine-arts language.

The huge circle on the muddy shore on Debar Lake, as shown on the photographs ***Vada a*** and ***Vada b***, is a product of a simple artist's fascination with uniformity of natural structure and his urge to inscribe in it some order of higher level. Remodelled parts of discarded furniture that Manevski had built in the pictures-sculptures ***Alandan*** and ***Genda***, are originating from an actual, formally arranged situation, to which the author adds a structure made of copper stripes or glass circles respectively. Ultimately, the collage of fragments of vigorous draftsman gesture, composed in the drawing "Hribla" builds up its formal austerity out of fine structures concerted in tiny linear lacework on paper. It seems that the author, stepping out from the major topics of the modern dialectics, still insists to overwhelm the current antagonism between the form as a concept and the structure as an existence. Perhaps it could not have been possible otherwise, simply because the reaping of Blagoja Manevski, in every sense coincides with the twilight of the modern age and the dawn of a new culture whose contours are barely discernible, so far. Actually, quite few artists his age, are still bearing upon their shoulders the heavy burden of an unattained modern project.

Apart from the contemplative level of reception, these works of Manevski are communicating on an evocative level as well, setting up proprietary, rather complex space co-ordinates in a way similar to that of the trans-historic objects: small sacrificial altars from the Neolithic Eastern Mediterranean, votive images of the defeated enemy of South America, masks of the African West Coast or fans from south-eastern Asia. In this regard, Manevski's recent efforts in creating a synthetic space seem to be consequent to the present time contradiction of the private and the individual space. Therefore the artefacts exhibited by this artist could be referred as to a lyrical evocation of the child's space conquered from the world of adults, foremost with indications of privacy and then with traits of individuality. This is wherefrom numerous recollections spring: of horizons reached from the heights of a tree-hut, of safety felt under the table around which the family gathers, of the mysterious darkness in the closet, or of the very first perception of one's own anthropometric limitations under the tent made of bed sheets.

Playing with the private and personal component of his own space Manevski is altering the social dimension of his mental and existential context as well.

It is beyond any doubt that today, no less than before, the artist makes the art. Yet, with no similar certainty one could discuss what the contemporary art historian should do in order to provide a rational ideological frame for the art of today. Facing the recent work of Blagoja Manevski, the critic's consciousness brought up on the modern era premises, will positively be forced to make hazardous steps in to the unpredictable future. Still, the constancy of qualities with which Manevski had so far modulated the condition on the contemporary Macedonian fine arts scene, provides a firm basis to the belief that his next public appearances shall be welcomed with a proper attention.

**Bojan Ivanov**

**ГАЛОТ 1995**
алуминиум, златен рам, полиуретан, 260x90x30

**GALOT 1995**
aluminium, golden frame, polyutheran



**ГЕНДА 1995**
дрво, стакло, 200x246

**GENDA 1995**
wood, glass



**ВАДА б 1994**
фотографија на 12 алуминиумски плочи, 201x150

**VADA b 1994**
photography on 12 aluminium plates



**ЧИДАТ 1995**
дрво, бакар, PVC, железо, дијаметар 50x250

**CHIDAT 1995**
wood, copper, PVC, iron





**ВАДА а 1994**
фотографија на 12 алуминиумски плочи, 150x201

**VADA a 1994**
photography on 12 aluminium plates



**ОНДАН 1995**
дрво, хартија, бакар, PVC,  дијаметар 40x24

**ONDAN 1995**
wood, paper, copper, PVC



**БИНДЕРИ 1994/95**
молив, хартија на 6 поцинкувани плочи, 180x270

**BINDERI 1994/95**
pencil, paper on 6 zincked plates



**ХРИБЛА 1992/94**
молив, хартија на 27 алуминиумски плочи, 199,5x599

**HRIBLA 1992/94**
pencil, paper on 27 aluminium plates



**ПОПАНОАТ 1994**
алуминиумски лим, дрво, памук, коноп, 137x1200x85

**POPANOAT 1994**
aluminium sheet metal, wood, cotton, cord



**АЛАНДАН 1995**
дрво, бакар, PVC, 95x129

**ALANDAN 1995**
wood, copper, PVC



**ΠΑΝΤΕΟΗ 1992/94**
350x300x600

**PANTHEON 1992/94**



## Благоја МАНЕВСКИ

Роден во Скопје, 1957. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, 1986.
Член на ДЛУМ од 1986.
Адреса: Георги Димитров 21-4/18; 91000 Скопје; тел. 09120 28 11

Самостојни изложби:

1985 Охрид, Дом на културата „Григор Прличев"; Титов Велес, Уметнички салон; Штип, Дом на културата „Ацо Шопов", *Експресија во слика*
1987 Скопје, Музеј на современата уметност - Скопје; Куманово, Уметничка галерија
1988 Белград, (Југославија), Галерија СКЦ

Селектирани групни изложби:

1982 Куманово, Скопје, *Денови на младите творци на Македонија 82*
1983/84 Белград, (Југославија), *2. Биенале на југословенски цртеж*, Галерија студентског града
1985 Белград, (Југославија), *Изложба на студенти на Факултетот за ликовни уметности во Скопје*, Галерија Академије ликовних уметности
Карловац, Задар, (Хрватска); Ниш, Белград, (Југославија), *4. Биенале на југословенскиот акварел*
Скопје, Дом на млади „25 Мај"; Кочани, Дом на културата „Бели Мугри"; Прилеп, Дом на културата „Марко Цепенков", *Изложба на млади ликовни творци*
1985/86 Белград, (Југославија), *3. Биенале на југословенски студентски цртеж*, Галерија Студентског града
1986 Сараево, (Босна), Југословенска културна манифестација *Заедно*
Ивањица, (Југославија), *19. Изложба на учесниците на Првата југословенска колонија на млади*, Културни центар
Скопје, *Во средба на младоста*, Дом на ЈНА
Скопје, *Состојба 1986.*, Дом на млади „25 Мај"
Скопје, *Годишна изложба на ДЛУМ*, Уметничка галерија „Скопје"
Скопје, *Аквизиции VI*, Музеј на современата уметност - Скопје
1987 Сараево, (Босна), *Југословенска Документа 87*, Скендерија
Риека, (Хрватска), *14. Биенале на млади*, Moderna galerija
Скопје, *1. Биенале на млади*, Музеј на современата уметност - Скопје
Сомбор, (Југославија), *9. Триенале на југословенски современ цртеж*
1988 Скопје, *Цртеж... Цртеж - Објект*, Уметнички круг 25, Дом на млади „25 Мај"
Скопје, *Уметнички салон на младите*, Музеј на Македонија
Скопје, *Македонска уметност 1948 - 1988*, Уметничка галерија „Скопје"
1989 Херцег Нови, (Југославија), *22. Херцегновски зимски салон*, Галерија „Јосип Бепо Бенковиќ"
Риека, (Хрватска), *5 македонски уметници*, (Б. Маневски, Ј. Шумковски, Д. Петковиќ, С. Павлески, М. Киселичка - Калајџиева), Moderna galerija
Куманово, *Млади македонски сликари*, Уметничка галерија
Риека, (Хрватска), *15. Биенале на млади*, Moderna galerija
Сараево, (Босна), *Југословенска Документа 89*, Скендерија
Скопје, *2. Биенале на млади*, Музеј на современата уметност - Скопје
Пореч, (Хрватска), Galerija Narodnog univerziteta, Изложба на дела од Уметничката колонија Ривиера - Пореч, hotel Maestral, Новиград, (Хрватска)
Скопје, *ДЛУМ цртеж*, Народна и Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"

1990 Панчево, (Југославија), *Нови движења во македонската уметност*, Галерија „Олга Петров"
Загреб, (Хрватска), *25. Салон на убави уметности во Загреб*, Umjetnicki paviljon
Пореч, (Хрватска), *30. Анале*, Galerija „Istarska Sabornica"
Чачак, (Југославија), *Меморијал на Надежда Петровиќ*, Уметничка галерија „Надежда Петровиќ"
Скопје, *68 македонски уметници - изложба мал формат*, Галерија „Глам"

1991 Скопје, *Сликарство и традиција*, Галерија „Харфа"
Загреб, (Хрватска), *Загребска изложба на југословенски цртеж*, Kabinet graficke umjetnosti JAZU
Скопје, *3. Биенале на млади*, Музеј на современата уметност - Скопје
Скопје, *Нова постојана изложба на Музејот на современата уметност*
Вашингтон, (САД), *Изложба на група македонски уметници - Цртеж*, The New Literature Art Salon „Pastarea"

1991/92 Софија, (Бугарија), Меѓународна фондација „Св. Кирил и Методиј", Художествена галерија; Скопје, Музеј на современата уметност - Скопје, *Современа уметност од Македонија*

1992 Скопје, *Апстрактно сликарство во Македонија 1960 - 1990*, Музеј на современата уметност - Скопје
Куманово, *Современи македонски сликари и скулптори* (од колекцијата на Музејот на современата уметност), Уметничка галерија

1993 Скопје, *1893 ВМРО 1993*, Уметничка галерија „Скопје"
Скопје, *ДЛУМ цртеж*, Народна и Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"

1994 Скопје, *Антологија на македонската ликовна уметност 1894 - 1994*, Музеј на современата уметност - Скопје
Скопје, *ДЛУМ цртеж*, Уметничка галерија „Скопје"

1994/95 Скопје, *Кутија со слики*, Прва годишна изложба на Сорос Центарот за современи уметности, Културен центар „Мала Станица"

1995 Париз, (Франција), *12 современи македонски сликари во Париз*, Spadem Parvi
Скопје, *9½*, Музеј на современата уметност - Скопје

Награди:

1985 Скопје, Награда за сликарство на *Изложба на млади ликовни творци*
1986 Скопје, Годишна награда за најдобар студент на Факултетот за ликовни уметности
1987 Скопје, Награда на Музејот на современата уметност - Скопје на *1. Биенале на млади*
1989 Скопје, Награда на Музејот на современата уметност - Скопје на изложбата *ДЛУМ цртеж*
1994 Скопје, Награда на Уметничката галерија „Скопје" на изложбата *ДЛУМ цртеж*
1994/95 Скопје, Награда на Сорос Центарот за современи уметности на изложбата *Кутија со слики*

**Blagoja MANEVSKI**

Born 1957. in Skopje. Faculty of Fine Arts, Skopje, BFA 1986.
Member of DLUM (The Association of Macedonian Fine Artists) since 1986.
Address: Georgi Dimitrov 21-4/18; 91000 Skopje; tel. 389 91 20 28 11

Solo Exhibitions:

1985 Ohrid, Cultural Center "Grigor Prlicev"; Titov Veles, Art Salon; Stip, Cultural Center "Aco Sopov", *Expression in the Image*
1987 Skopje, Skopje Museum of Contemporary Art; Kumanovo, Art Gallery
1988 Belgrade, (Yugoslavia), Gallery SKC

Selected Group Exhibitions:

1982 Kumanovo, Skopje, *Days of the Young Creators of Macedonia 82*
1983/84 Belgrade, (Yugoslavia), *2. Biennial of the Yugoslav Drawing*, Gallery of the Student City
1985 Belgrade, (Yugoslavia), *The Exhibition of the Students at the Faculty of Fine Arts in Skopje*, Gallery at the Faculty of Fine Arts
Karlovac, Zadar, (Croatia); Nis, Belgrade, (Yugoslavia), *4. Biennial of the Yugoslav Aquarelle*
Skopje, Youth Center "25 May"; Kocani, Cultural Center "Beli Mugri"; Prilep, Cultural Center "Marko Cepenkov", *Exhibition of Young Fine Artists*
1985/86 Belgrade, (Yugoslavia), *3. Biennial of the Yugoslav Student's Drawing*, Gallery at the Students City
1986 Sarajevo, (Bosnia), Yugoslav Cultural Manifestation *Together*
Ivanjica, (Yugoslavia), *19. Exhibition of the Participants at the First Yugoslav Youth Colony*, Cultural Center
Skopje, *To Meet the Youth*, Dome of the Yugoslav National Army
Skopje, *State 1986.*, Youth Center "25 May"
Skopje, *The Annual Exhibition of the Association of the Macedonian Fine Artists*, Art Gallery "Skopje"
Skopje, *Acquisition VI*, Skopje Museum of Contemporary Art
1987 Sarajevo, (Bosnia), *Yugoslav Documenta '87*, Skenderija
Rijeka, (Croatia), *14. Youth Biennial*, Modern Gallery
Skopje, *1. Youth Biennial*, Skopje Museum of Contemporary Art
Sombor, (Yugoslavia), *9. Triennial of the Yugoslav Contemporary Drawing*, Artistic Autumn
1988 Skopje, *Drawing... Drawing - Object*, Artistic Circle 25, Youth Cultural Center "25 May"
Skopje, *Art Salon of the Youth*, Museum of Macedonia
Skopje, *Macedonian Fine Art 1948 - 1988*, Art Gallery "Skopje"
1989 Herceg Novi, (Yugoslavia), *22. Hercegnovian Winter Salon*, Gallery "Josip Bepo Benkovic"
Rijeka, (Croatia), *5 Macedonian Artists*, Modern Gallery
Kumanovo, *Young Macedonian Painters*, Art Gallery
Rijeka, (Croatia), *15. Youth Biennial*, Modern Gallery
Sarajevo, (Bosnia), *Yugoslav Documenta '89*, Skenderija
Skopje, *2. Youth Biennial*, Skopje Museum of Contemporary Art
Porec, (Croatia), Gallery at the People's University, exhibited in the Hotel "Maestral", Novigrad, (Croatia), produced at the Art Colony Riviera Porec
Skopje, *DLUM Drawing*, National and University Library "St. Kliment Ohridski"
1990 Pancevo, (Yugoslavia), *New Movements in the Macedonian Art*, Gallery "Olga Petrov"
Zagreb, (Croatia), *25. Salon of the Fine Art in Zagreb*, Art Pavilion
Porec, (Croatia), *30. Annual*, Gallery "Istarska Sabornica"
Cacak, (Yugoslavia), *Commemorative of Nadezda Petrovic*, Art Gallery "Nadezda Petrovic"
Skopje, *68 Macedonian Artists - Exhibition of Small Format Works*, Gallery "Glam"
1991 Skopje, *The Painting and the Tradition*, Gallery "Harfa"
Zagreb, (Croatia), *The Zagreb Exhibition of Yugoslav Drawing*, Cabinet of Graphic Art JAZU
Skopje, *3. Youth Biennial*, Skopje Museum of Contemporary Art
Skopje, *The New Permanent Exhibition of the Skopje Museum of Contemporary Art*

Washington D.C., (USA), *Exhibition of a Group of Macedonian Fine Artists - Drawing*, The New Literature Art Salon "Pastarea"

1991/92 Sofia, (Bulgaria), International Foundation "St. Kiril and Metodij", Art Gallery; Skopje, Skopje Museum of Contemporary Art, *Contemporary Art from Macedonia*

1992 Skopje, *The Abstract Painting in Macedonia 1960 - 1990*, Skopje Museum of Contemporary Art

Kumanovo, *The Contemporary Macedonian Painters and Sculptors* (from the Collection of Skopje Museum of Contemporary Art), Art Gallery

1993 Skopje, *1893 VMRO 1993*, Art Gallery "Skopje"

Skopje, *DLUM Drawing*, National and University Library "St. Kliment Ohridski"

1994 Skopje, *Anthology of the Macedonian Fine Arts 1894 - 1994*, Skopje Museum of Contemporary Art

Skopje, *DLUM Drawing*, Art Gallery "Skopje"

1994/95 Skopje, *Image Box*, The First Annual Exhibition of the Soros Center for Contemporary Arts, Cultural Center "Mala Stanica"

1995 Paris, (France), *12 Contemporary Macedonian Painters in Paris*, Spadem Parvi

Skopje, *9½*, Skopje Museum of Contemporary Art

Awards:

1985 Skopje, Award for painting on the *Exhibition of Young Fine Artists*

1986 Skopje, Annual Award for the Best Student at the Faculty of Fine Arts

1987 Skopje, Award of Skopje Museum of Contemporary Art at the *1. Youth Biennial*

1989 Skopje, Award of Skopje Museum of Contemporary Art at the *DLUM Drawing*

1994 Skopje, Award of the Art Gallery "Skopje" at the *DLUM Drawing*

1994/95 Skopje, Award of the Soros Center for Contemporary Arts at the *Image Box*

Издавач: Уметничка галерија Скопје
Крушевска 1-а, Скопје, Р. Македонија
Одговорен уредник: Драган Бошнаковски
Предговор: Бојан Иванов
Биографија: Калина Буневска
Превод на англиски: Бојан Иванов
Колор слајдови: Марин Димески и Румен Ќамилов стр.33
Црно-бели фотографии: Љупчо Тануровски
Графичко и ликовно обликување: Благоја Маневски
Технички уредник: Маринко Бороевиќ
Скенирање: Скенпоинт, Скопје
Печат: Киро Дандаро, Битола
Тираж: 500

Publisher: Art Gallery Skopje
Krusevska 1-a, Skopje, Macedonia
Editor in Chief: Dragan Bosnakovski
Preface: Bojan Ivanov
Biography: Kalina Bunevska
Translation into English: Bojan Ivanov
Color slides: Marin Dimeski and Rumen Camilov p.33
Black&white photos: Ljupco Tanurovski
Lay-out: Blagoja Manevski
Technical editor: Marinko Boroevic
Scanning: Scanpoint, Skopje
Print: Kiro Dandaro, Bitola
Copies: 500

Soros Center for Contemporary Arts
- Skopje, Macedonia
Сорос Центар за современи уметности
- Скопје, Македонија

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека
„Климент Охридски", Скопје

73/5. 036 (497.17) (060.64) Маневски , Б.

**МАНЕВСКИ, Благоја**
Благоја Маневски / (организација на изложбата Коста Мартиновски ; предговор Бојан Иванов ; биографија Калина Буневска; превод на англиски Бојан Иванов; колор слајдови Марин Димески и Румен Ќамилов; црно - бели фотографии Љупчо Тануровски; графичко и ликовно обликување Благоја Маневски). - Скопје : Уметничка галерија - Скопје, 1995. - 40 стр. : илустр. во бои ; 27 см.

Текст и на англ. јазик. - Тираж 500
ISBN 9989-694-08-7